**ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ**
**ЗА СНАБДУВАЊЕ ОД 01.01.2023 ГОДИНА**

Ги информираме потрошувачите дека за да почнат да се снабдуваат со електрична енергија од први во наредниот месец, односно од **01.01.2023 година**, **потребно е**:

**II КАТЕГОРИЈА – Потрошувачи на електрична енергија, трговски друштва од областа на водоснабдување, наводнување и одводнување, како и јавните претпријатија од областа на водоснабдување, наводнување и одводнување, собирање и одведување на урбани отпадни води и прочистување на отпадни води кои работат со пумпни и/или пречистителни станици (само за потрошувачката на броилата за електрична енергија на пумпните и/или пречистителни станици за извршување на дејноста) - по цена од 95 евра/MWh.**

За остварување на правото утврдено со **Одлуката за преземање на мерка во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија** (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 232/22, 242/22 и 258/22), потрошувачите на електрична енергија, трговски друштва од областа на водоснабдување, наводнување и одводнување, како и јавните претпријатија од областа на водоснабдување, наводнување и одводнување, собирање и одведување на урбани отпадни води и прочистување на отпадни води кои работат со пумпни и/или пречистителни станици ( само за потрошувачката на броилата за електрична енергија на пумпните и/или пречистителни станици за извршување на дејноста) може да склучат Договор за снабдување со електрична енергија со ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје - **модел на Договор со следните прилози**.

За склучување на договорот потребно е да ги пополнат и достават и следните документи:

1. Тековна состојба на субјектот не постара од 1 месец
2. Изјава за мерно место
3. Листа на мерни места
4. Барање за промена на снабдувач
5. Изјава за промена на снабдувач
6. Полномошно

Потрошувачи може да склучат Договор за снабдување со електрична енергија со избор на еден од следните датуми како почеток на период на снабдување :

- 01.01.2023 година,
- 01.02.2023 година,
- 01.03.2023 година,
- 01.04.2023 година.

Заинтересираните потрошувачи на електрична енергија за да почнат да се снабдуваат со електрична енергија од први во наредниот месец, **потребно е**

**најдоцна до 20(дваесети) во тековниот месец** да го достават до ЕСМ Продажба ДООЕЛ потпишаниот договор со потребната документација.

За потрошувачите кои се снабдувани од снабдувач во краен случај, потпишаниот договор со потребната документација за снабдување со електрична енергија од први во наредниот месец, **потребно е да се достават најдоцна до 20(дваесети) во тековниот месец.**

Потпишаниот договор со потребната документација се доставуваат електронски на е-мејл адреса **esmprodazba.vodovod@elem.com.mk** Документацијата во два примерока да се достави по пошта или лично на адреса 11 Октомври бр. 9, 1000 Скопје.

За датум на доставување ќе се смета датумот кога комплетната документација е доставена по електронски пат.